**Забелешка од Трговското радиодифузно друштво ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ Велес, на Нацрт – Барањето за доделување на дозвола без објавување на јавен конкурс**

Забелешката на Трговското радиодифузно друштво ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ Велес, по повод Нацрт – Барањето за доделување на дозвола без објавување на јавен конкурс, се состоеше во следното: во прилозите кон него, во точката “8. Финансиската способност за остварување на дејноста за времето за кое се доделува дозволата и понудените гаранции“, потточката “б. Документи што го гарантираат финансирањето на деловниот план, односно дејноста (банкарска гаранција, депозит во банка, хартии од вредност), да се избрише.

**Мислење по забелешката:** Забелешката е неприфатлива затоа што доставувањето на документи што го гарантираат финансирањето на деловниот план, односно дејноста е законска обврска утврдена во член 73 став 3 алинеја 8 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија” бр.184/13, 13/14 и 44/14).